32864

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
OSNIVAČ SNJ
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-32000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting

МЛАД БОРЕЦ
СКОПЈЕ

1489/12 2. X. 1985

*Ликовен агол*

# ИЛУЗИЈАТА НА УБАВОТО

***Рубенс Корубин (Слики и цртежи, Уметничка галерија „Скопје“)***

Дваесетина слики и десетина цртежи настанати последниве пет години, ја сочинуваат изложбата на Рубенс Корубин. Изделени од актуелните — изми, делата комуницираат низ систем од знаци чие семантичко ниво се доближува до делата на минатите епохи па во повеќе наврати од критиката се определени како неоромантичарски.

Естетската стварност на сликите е обликувана од елементи чие поврзување е базирано на проучени конвенции во чија основа е убавото. Фигурата го завзема средишното место. Таа е секогаш свртена кон рецепоентот. Нејзиното значење се истакнува со светлината и со поставеноста во просторот кој е условен и во повеќе случаи подложен на перспективни отстапувања. Бојата е образувана од пастелни тонови кои се во сообразност со авторовото сфаќање на хармоничноста.

Цртежите се повеќе вовед, преку кој се истражуваат елементарните односи.

Како и сите уметнички предмети, така и изложените и припаѓаат на точно одредена шема на посредување. Благодарејќи на обидот на авторот да се изолира од постоечките сфаќања за комуникативната функција гледачот е соочен со материјална подлога која остварува малку релации на ред на знаковно и значењско поле. Вредноста на естетската порака се губи, токму во онаа мерка во која иновацијата како суштина на уметничкото дело изостанува. Затоа, естетскиот свет е ограничен на уметничката манипулација која нема прогресивна улога.

В. ВЕЛЕВСКА